**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник**

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за давање на субвенции на ЈП Градски паркинг - Скопје за 2023 година

Скопје, јули 2023 година.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), Советот на Град Скопје на ________ седница, одржана на ______, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на субвенции на ЈП Градски паркинг - Скопје за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Град Скопје дава субвенции на ЈП Градски паркинг– Скопје, наменети за:
- проектирање и изведба на монтажни паркиралишта во износ од 5.000.000,00 денари;

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, програма Ј9, ставка 461

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __ – _______
__ јули 2023 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, т.е. одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Со порастот на бројот на возила, потребата за паркирање е поголема и постојано се зголемува. Градските центри се гушат, а паркирањето на зелените површини и тротоари е редовна појава. Решението е во обезбедување на посебни простори (привремени или трајни објекти – надземни и подземни) наменети исклучиво за паркирање.

Привремените паркиралишта се градат најчесто, како привремени објекти, таму каде што ќе се оцени дека за тоа има потреба. Привремените паркиралишта претставуваат челични монтажно-демонтажни модуларни еднокатни конструкции со кои се зголемува т.е. удвојува расположивиот паркинг простор, а од друга страна се намалува времето потребно за барање на слободно паркинг место што влијае на намалување на загадувањето и на зачувување на околината. Нивната основна предност е што по истекот на предвидениот период на користење можат да се демонтираат и повторно да се монтираат на друга локација. Монтажата со примена на стандардизирани челични елементи и унифицирани монтажни врски, по правило, е брза и едноставна.

Од претходното, произлегува дека монтажно – демонтажните модуларни паркиралишта се користат од практична примена.

Во Буџетот на Град Скопје за 2023 година се предвидени 5.000.000,00 денари средства за проектирање и изведба на монтажни паркиралишта.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Градски паркинг – Скопје за 2023 година.